Република Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ - БИТОЛА
ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ
Бр. 05-97/8
03.02. 2015 год.
СКОПЈЕ

Друштво за производство трговија и услуги
ИКЕ - ТРЕЈД ДОО
експорт — импорт
04.02.2015 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 165 а во врска со член 100 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ", број 136/07)

**1.ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ – Скопје**, со седиште на ул. "Идризово" бб – Скопје, ЕДБ 4030003492649, Трезорска сметка 100000000063095, Буџетски корисник сметка 160016125560319 програма 42, и сметка на самофинансирачки активности 160016125578810, депонент НБМ, застапувана од Деканот на Факултетот, проф. д-р Оливер Бачановиќ, како набавувач (во натамошниот текст: Договорен орган), и

**2. Т.А. МАК СВИС ДОО ИКЕ-ТРЕЈД** со седиште на Ул. Максим Горки бр. 17, Скопје ЕДБ 4030998355932 жиро – сметка 300000000349333 депонент Комерцијална банка АД Скопје застапувано од Управителот Никола Дуковски, (во натамошниот текст: Носител на набавката), го склучија следниот

15

**Д О Г О В О Р**

***за набавка на услуга***

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 1**

Предмет на овој Договор е сукцесивна набавка на услуга –набавка на билети за авионски превоз на патници, за потребите на Факултетот за безбедност за 2014/2015 год.

**ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 2**

Цената на горенаведените стоки е утврдена во понудата дадена од страна на Носителот на набавката, и е прикажана во МКД.

Цената на горенаведената услуга е утврдена во понудата - спецификацијата дадена од страна на Носител на набавката, и е прикажана во МКД, а може да трпи промени, доколку дојде до промена на курсот на денарот спрема еврото, бидејќи цените на авионските билети се изразени во евра. Спецификацијата е составен дел на овој Договор.

Вкупната вредност на понудената услуга, нема да го надмине износот од 20.000 евра без вклучен ДДВ, во противредност од 1.200.000,00 денари. Авионските билети се ослободени од плаќање на ДДВ.

Во цената на авионските билети е вклучена и аеродромската такса.

**ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА**

**Член 3**

Носителот на набавката се обврзува предметната набавка на услуга утврдена во член 1 на овој договор да ја изврши по нарачка или повик, согласно потребите на Договорниот орган, со доставување на список на патници со евидентирана важечка патна исправа.

**Член 4**

Носителот на набавката се обврзува договорената набавка од член 1 на овој Договор да ја изврши квалитетно и согласно стандардите во таа област.

**Член 5**

Доколку Носителот на набавката не ги исполни обврските од Член 3 и 4 од овој договор, должен е на Договорниот орган да му ја надомести направената штета поради неисполнување на договореното во вид на казнени пенали во висина од 10% од целокупната вредност на бараната услуга.

**ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН**

**Член 6**

Договорената цена Договорниот орган ќе ја исплати по вирмански пат, на жиро сметка на Носителот на набавката во рок од 30 дена по приемот на фактурата.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 7**

Договорот се склучува на определено време за период од 12 месеци, од денот на склучувањето.

**ВИША СИЛА**

**Член 8**

Во случај на виша сила договорните страни се согласни да се исплатат само настанатите права и обврски, пред настапувањето на вишата сила.

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на Договорот, до кое би дошло заради виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради виша сила, должна е во рок од 24 часа, писмено да ја извести другата договорна страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на вишата сила, Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине.

**РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ**

**Член 9**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање,а доколку не се изнајде обострано прифатливо решение,сите евентуални спорови ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

**РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 10**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање, по писмен пат.

Доколку Договорот ќе се раскине пред истекот на рокот определен во член 8 од овој Договор по вина, евентуалните спорови ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

**ЗАКОНИТОСТИ ЕТИЧНОСТ**

**Член 11**

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за законито и етичко однесување за време на реализација на овој Договор.

**ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН**

**Член 12**

За се што не е регулирано со овој договор, ќе се применуваат важечките прописи на Република Македонија.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 13**

Измени и дополни на Договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

**Член 14**

Овој Договор е составен во 4 (четири) истоветни примероци од кои по 2 (два) примероци за секоја договорна страна.

| ДОГОВОРЕН ОРГАН | НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА |
|---|---|
| Факултет за безбедност - Скопје | Т.А. МАК СВИС ДООЕЛ ИКЕ-ТРЕЈД |
| Декан | Управител |
| Проф.д-р Оливер Бачановиќ | Никола Дуковски |